# GFF - Програма за зелено финансирање - Комерцијална банка Скопје

**Земја:** СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Број на проект:** 55943
**Деловен сектор:** Депозитарен кредит (банки)
**Вид на инвестиција:** ПРИВАТЕН СЕКТОР
**Еколошка категорија:** Финансиски институции
**Планиран датум на одобрување:** 19 Ноември 2024
**Статус:** Одобрен
**Објава на Резиме на проектот:** 27 Ноември 2024

## Опис на проектот

Обезбедување на долгорочен необезбеден кредит од ЕУР 4 милиони („Кредитот"), во една транша од Програмата за зелено финансирање во Северна Македонија („Green Finance Facility in North Macedonia - GFF" , „Програмата").

## Цели на проектот

Кредитот е наменет за понатамошно кредитирање на МСП во Северна Македонија, за поддршка на инвестициите во проекти кои се квалификуваат за финансирање на проекти од сферата на обновлива енергија и/или енергетска ефикасност. 100% од средствата ќе бидат поврзани со инвестиции во транзиција на зелената економија („Green Economy Transition - GET").

## Влијание врз транзицијата

ETI 65

Проектот ќе придонесе кон општите цели на Програмата и поддршка на **зелените** и **конкурентните** квалитети на влијанието на транзицијата. Предложениот проект ќе придонесе кон квалитетите на зеленото влијание на транзицијата, како примарен квалитет, помагајќи во справување на интензитетот на енергија и емисиите на јаглероден диоксид во приватниот сектор во Северна Македонија, преку доделување на 100% од инвестицијата на Банката во транзицијата на зелена економија во земјата. Исто така, со секундарните конкурентни квалитети на влијанието на транзиција, проектот ќе се надградува кон поконкурентен финансиски сектор, создавајќи капацитет за КБ да финансира зелени инвестиции, истовремено зголемувајќи ја конкурентноста на МСП во Северна Македонија, со премин кон технологии на обновлива енергија и енергетска ефикасност во нивното работење.

## Информација за клиентот

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ

Комерцијална Банка АД Скопје („КБ") е најголемата комерцијална банка во Северна Македонија, која има пазарен удел од 21,9% во вкупните средства, согласно податоците од крајот на 2023 година. Банката нуди целосена палета на комерцијални банкарски услуги за поединци и компании на целата територија на Северна Македонија, преку најголемата мрежа во земјата, која опфаќа 11 регионални и 47 градски експозитури.

## Финансиско учество на ЕБОР

ЕУР 4,000,000.00

## Вкупна вредност на проектот

ЕУР 4,000,000.00

## Еколошко и социјално резиме

Финансиска институција (2014 ESP). КБ е постоечки клиент на Банката и покажува задоволителни резултати во Годишните извештаи за еколошка одржливост. КБ ќе треба да продолжи да ги одржува еколошките и социјалните менаџмент системи, за да пристапи, менаџира и да ги надгледува еколошките и социјалните ризици и влијанија, поврзани со под-проектите кои што ги финансира. КБ ќе треба да продолжи да биде усогласена со барањата за работењето наложени од ЕБОР (Performance Requirements-PRs) 2, 4 и 9, вклучувајќи ги исклучоците и референтни листи претставени во Политиките за екологија и социјални аспекти од 2019 година (E&S Policy-ESP). Ќе треба да продолжи да ги следи релевантните еколошки и социјални менаџмент процедури за ризик на ЕБОР и да достави Годишен еколошки и социјален извештај на Банката. Натамошното кредитирање преку КБ ќе треба да биде согласно националните еколошки, здравствени, безбедносни и трудови барања.

Доколку средствата за финансирање можат да вклучат финансирање на под-проекти од секторот на соларни фотоволтаични технологии, ваквите под-проекти ќе бидат управувани согласно Предложениот менаџерски пристап за набавка на солани панели во ланецот на менаџерски ризик (CS/FO/21-35) и било кои последователни упатства креирани под овој пристап.

## Техничка соработка

Проектот ќе биде поддржан со сеопфатна техничка помош на КБ и натамошните позајмувачи, со цел да се олесни подготовката на проектот и неговата успешна имплементација согласно GFF Програмата. Изворот на финансирање на Фондот за техничка соработка е Заедничкиот фонд за одржлив развоен раст, преку Програмата за развој на Обединетите Нации (United Nations Development Programme - UNDP). Пакетот вклучува и грант компонента во форма на инвестициска поддршка преку Заедничкиот фонд за одржлив развоен раст (преку Програмата за развој на Обединетите Нации) и Владата на Северна Македонија (и двата под Програмата за развој на Обединетите Нации (UNDP)).

## Дополнителни бенефити

Дополнителните бенефити се постигнуваат преку комбинирање на неопходните долгорочни финансирања, со техничка поддршка и насочена инвестициска поддршка во пакет кој промовира зелени инвестиции кои ќе ја подобрат конкурентноста на МСП.

## Контакт детали за компанијата

Горан Ивановски
Goran.Ivanovski@kb.mk
Тел.: +389 2 316 8558
www.kb.com.mk
улица ,,Васил Иљоски" број 3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

## Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се провери тука.

## Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.
За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) јавете сé на
Тел.:+44 20 7338 7168
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com
За проекти на Банката со државата, проверете на Набавки на ЕБОР:
Тел.: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

## Општи прашања

За прашања околу проектите можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

## Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на ,,еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои истите треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултации, како и воспоставување на мехнизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, околу ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, како и да ги разгледаат и да одговорат на прашањата.
Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

## Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови, проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека индентификувањето и

разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритет на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но и помага во мониторинг на ризиците за интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.
КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение кај проектите на ЕБОР. Било кој, во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави на писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност по електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи одговор. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

## Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на Пристап до политики за информирање за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.
Посебни барања за информации може да се доставаат преку Формуларот за прашања за ЕБОР .

## Механизам на приговори за проектот (МПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пр. Преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поедниците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантните механизми на ЕБОР креирани за оваа намена.
Механизмот за одговорност, независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е: да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспекти од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала Еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на
Пристапот до политиките на информирање; и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовреме-но превенирајќи идни неусогласување со Банката.
Ве молиме посетете ја нашата веб страна за да дознаете како да доставите поплака преку доверливиот образец достапен онлајн, директно преку електронска адреса, онлајн електронска адреса или телефон. Ви стоиме на располагање за да разговараме за Вашата загриженост околу оваа проблематика и да одговориме на било кое прашање кои што го имате околу доставување или справување со полаките. Идентитетот на доставувачите на поплаки може да се чува како доверлив, доколку истото е побарано од  поднесителот на поплака.
Ве молиме, имајте во вид дека по новите важечки механизми во 2020 година, ќе стапат на сила ревидираните Политики за проектна одговорност и Упатствата, согласно кои ќе се разгледуваат предметите.